| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Птиците во селскиот двор |
| **Содржина на денот** | Игра со броеви |
| **Возраст** | 4 до 6 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување на децата за држење на растојание во текот на игрите и дружењето. |
| **Активност** | Децата се секогаш расположени за игра па затоа ајде и денес да учиме преку математичка игра. Играта може да започне дома со препознавање на покажаните бројки-цифри, со придружување на бројот до множеството со елементи, со игра меморија со бројки, домино игра и играта „Не лути се човече“. За препознавање и погодување на бројките направете бројки од картон залепете ги на стапче и детето нека ја погодува кренатата бројка за потоа Вие побарајте број, а детето да го покаже бројот (слика 1). Нацртајте неколку множества со различен број на елементи, а детето нека ја постави соодветната бројка до множеството (слика 2). Потоа детето нека црта множевства со елементи  спрема поставената бројка ( слика 3 и 4). На исечени картончиња напишете ги броевите во парови и играјте игра Меморија кој ќе погоди повеќе-тој ќе биде  победник (слика 5) и направете сами домино коцки-картончиња каде детето може само да ги обележува точките (слика 6). Секогаш играна и една од омилените игри на децата е играта „Не лути се човече“ која можете заедно да ја играте -фамилијарно, да го вежбате броењето, да го учите детето како да ги контролира своите емоции (слика 7). Доколку дозволуваат временските услови излезете надвор и играјте Плочка каде на нацртана и обележани полиња со броеви  детето ќе ја  игра играта и ќе  брои, ќе скока и забавува. |